Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."број 5/2002) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 22/07, 67/07 и 156/09, 47/11 и 19/15), Советот на Општина Пробиштип на седница одржана на 16.03.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## За усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Пробиштип и финансиски извештаи

### Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2019 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| I **Вкупни приходи** | **327.163.992** | **265.286.439** |
| - Даночни приходи | 34.223.529 | 29.177.125 |
| - Неданочни приходи | 16.527.600 | 9.992.141 |
| - Капитални приходи | 27.772.800 | 29.631.081 |
| - Дотации | 132.826.896 | 132.636.404 |
| - Трансфери | 115.519.167 | 63.787.893 |
| - Донации | 294.000 | 61.795 |
| II **Вкупни расходи** | **394.830.826** | **300.133.538** |
| - утврдени намени | 394.730.826 | 300.118.538 |
| - резерви | 100.000 | 15.000 |
| II **(Дефицит) - Суфицит** | **-67.666.834** | **-34.847.099** |
| **Финансирање** | **67.666.834** | **34.847.099** |
| | | |
| **Прилив** | **70.496.834** | **37.670.473** |
| - Приливи од домашни заеми | 16.150.000 | 0 |
| - Депозити | 54.346.834 | 37.670.473 |
| | | |
| **Одлив** | **2.830.000** | **2.823.374** |
| - Отплата на главнина | 2.830.000 | 2.823.374 |

**Член 2**

Разликата меѓу приходите и расходите на износ од -34.847.099 претставува дефицит како резултат на повеќе потрошено од приходите , односно потрошено од средства што се пренесени на сметката од претходна година (депозит), додека отплатата на заемот претставува одливот на средства на износ од 2.823.374 денари.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2019 година се искажани планираните и извршените расходи по сметки и по ставки .

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2019 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Пробиштип".

Број 26-307/13
16.03.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски